# АДИНГФАС 3

*Декоративен малтер со зарибана структура (2mm)*
*Изработен на цементно полимерна основа*
*Одговара на EN 998-1*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингфас 3 е готов малтер на минерална основа, кој се користи за декоративна и заштитна завршна обработка на бетонски, малтерисани, глетувани внатрешни и надворешни ѕидни површини или како завршна обработка кај термоизолационите фасадни системи.

## СВОЈСТВА

- еднокомпонентен;
- паропропусен;
- отпорен на мувли, алги и лишаи;
- одлична покривност;
- одлична атхезија за подлогата;
- UV стабилен;
- лесен за изведба;
- економичен;
- во бела боја.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| | СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|
| | Изглед | - | бел малтер |
| карактеристики на свеж малтер | Конзистенција | EN 1015-3 | 143mm |
| | Густина на свеж малтер | EN 1015-6 | 1,77 $g/cm^3$ |
| | Содржина на пори | EN 1015-7 | 12% |
| карактеристики на оцврснат примерок | Густина на оцврснат малтер | EN 1015-10 | 1,50 $g/cm^3$ |
| | Јакост на притисок на 28 дена | EN 1015-11 | CS II од 1,5-5$N/mm^2$ |
| | Пропустливост на водена пареа | EN 1015-19 | $\mu \leq 15$ |
| | Термичка спроводливост | EN 1756 | $\lambda$ = 0,41 W/mK при P=50%<br>$\lambda$ = 0,47 W/mK при P=70% |
| | Време на сушење при 20°C | - | површински на допир 6-8h |
| | релативна влажност од 65% | | целосно сушење 24h |



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, сува, рамна, чиста, без масти, прашина, лабилни позиции, мрсни флеки, соли и да има фина завршна текстура.

Нова подлога

Кај малтерските подлоги се препорачува класично порамнети малтери, со гранулација од 1mm, со фино обработена завршна структура. Нерамнините на подлогата го отежнуваат зарибувањето на декоративниот малтер. Новите вградени малтери, како и фасадните глет маси, при нормални услови, на температура од 20°C и релативна влажност на воздухот од 65%, потребно е да созреат најмалку еден ден за секој mm од дебелината.

Стара подлога

Кај старите подлоги потребно е да се отстранат сите лабилни позиции, како и постоечките премази. Доколку постојат оштетувања на подлогата, потребно е тие да се санираат со соодветни материјали и позициите завршно да се порамнат. Задолжително пред вградувањето подлогата треба да се исчисти и обезпраши. За полесно отстранување на остатоците од мов, лишаи и слично, препорачуваме површината да се измие со врела вода или пареа. Пред нанесување на декоративниот малтер, површината треба да се прајмерира со Прајмер В. Нанесувањето на прајмерот е со четка, ваљак или со распрскување. Вградувањето на Адингфас З, при температура од 20°C и релативна влажност на воздухот од 65% е по 30min од нанесувањето на прајмерот. Температурата на подлогата треба да биде од 10-35°C, а влажноста на воздухот не поголема од 80%. Изведбата при неповолни временски услови (дожд, магла, силен ветер) не е дозволена.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Адингфас З е малтер во прашкаста форма, кој се подготвува со вода, по што се меша со бавен мешач до потполно воедначување. Материјалот треба да одлежи 10-15min, а потоа непосредно пред вградувањето треба да се промеша. Материјалот се нанесува рачно, со рамна метална глетарка. Површината се обработува со зарибување, 10-15 min по нанесувањето (во зависност од порозноста на подлогата и временските услови). За зарибување на површините се користи тврда пластична глетарка, а обработката може да се изработува хоризонтално, вертикално и кружно. Отворено време за обработка на материјалот е 30min. Доколку при изведбата се забележат испакнувања, како резултат од извлекувањето (обработката) на површината, тогаш е потребно неколку минути по зарибувањето овие позиции да се втиснат и повторно да се обработат (зарибаат) со лесни потези, користејќи челична глетарка. Обработените површини треба да се заштитат од сонце, силен ветер, дожд и прашина во период од 24h по вградувањето. Заштитата на површините е со завеси.
Врз обработената површина со Адингфас З се препорачува да се изведе премаз со Адингколор Ф или импрегнација од Декосил В или Фасил.

## ОДРЖУВАЊЕ

Површините обработени со Адингфас З не бараат посебно одржување. Прашината и нечистотиите на фасадата, кои не се механички врзани за обработката, можат да се отстранат со метла, правосмукалка или со вода. Прашината и нечистотиите на фасадата, кои се механички врзани за обработката, можат да се отстранат со нежно триење на површината со мокра крпа или мека четка, со употреба на благи детергенти, по што позицијата треба да се измие со чиста вода.

## ПОТРОШУВАЧКА

Прајмер В - 0,15-0,25kg/m²
Адингфас З – 3,0-3,5kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.




АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПАКУВАЊЕ

Прајмер В: пластични канти од 1, 5 и 20kg
Адингфас 3: во натрон вреќа од 25kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории. Рок на употреба 12 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

бела

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при ненадеен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, тие треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Адингфас 3 е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингфас 3 се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна заштитна опрема.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk